# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА

на ООУ „Кузман Јосифовски – Питу“ Скопје, Кисела Вода
за период од 2019 до 2022 година





Август 2020 година

# ПРЕАМБУЛА

Реализацијата на воспитно-образовната дејност во основното образование е сложен процес врз кој суштинско влијание имаат повеќе чинители: наставниците, вработените во стручната служба, родителите, потесното и поширокото опкружување. Сепак денес, во општествени услови на интензивни и динамични промени, повеќе од било кога од порано, нагласена е потребата од квалитетно планирање во училиштата. Овој Развоен план е во насока кон систематизирање на сите стратешки определби на дејствување на училиштето во наредниот четиригодишен период . ООУ ,,Кузман Јосифовски-Питу“- Скопје, ја изработува Развојната програма за работа на училиштето врз законска основа, а која се однесува за период од 4 години.

Врз основа на член 49 став (6) од Законот за основно образование (Службен весник на „Република Северна Македонија“, бр. 161/19) донесен е Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште.
Развојната програма е документ на основното училиште со кој се планираат мисијата и визијата, приоритетните подрачја за развој на основното училиште, како и начинот на следење и евалуација на Развојната програма во период од четири години. Врз основа на Развојната програма, училиштето изготвува Годишна програма што е документ за работа на основното училиште за секоја учебна година.

Документи врз кои се темели Развојното планирање и Годишната програма се:

- Правилници за форма и содржина на РП и ГП
- Закон за наставници и стручни соработници во основните и средни училишта, донесен на седница на Собранието на Република Северна Македонија на 30 јули 2019 година Бр. 08-4390/1
- Закон за работни односи
- Наставните планови и програми;
- Концепција за деветгодишно образование;
- Статут на училиштето;
- Програма за развој на училиштето;
- Програмата за работа на училиштето
- Извештаи (Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година, посети и увиди од Државниот просветен инспекторат, од самоевалуацијата, програмата за развој на училиштето и други документи).

# СОДРЖИНА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА


**1. Податоци за основното училиште ........................................................................ 5**
- 1.1. Идентификациски податоци за училиштето........................................................ 5
- 1.2. Историјат на основното училиште........................................................ 7
- 1.3. Специфики кои го карактеризираат училиштето во однос на другите училишта ........................ 7

**2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште ........................ 9**
- 2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка........................ 9
- 2.2. Работен стаж на вработените........................................................ 11
- 2.3. Простор........................................................ 12
- 2.4. Опрема и наставни средства........................................................ 14
- 2.5. Материјално-финансиско работење на училиштето........................................ 17

**3. Подрачје на работа на основното училиште, наставен план и наставна програма........................ 17**

**4. Евалуација на работата на основното училиште во претходните 4 години........................ 42**
- 4.1. Самоевалуација на основното училиште........................................................ 42
- 4.2. Интегрална евалуација на основното училиште (екстерна)........................................ 51

**5. Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (SWOT АНАЛИЗА)........................ 54**

**6. Мисија и визија на основното училиште........................................................ 57**

**7. Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период........ 58**

**8. Соработка на основното училиште со родителите/старателите........................................ 69**

**9. Соработка на основното училиште со општината, институциите од обласата на образованието, НВО итн......... 71**

**10. Следење на имплементацијата на Развојната програма за работа на основното училиште........................ 75**

**11. Евалуација на Развојната програма за работа на основното училиште........................ 76**

**12. Заклучок........................................................ 78**

**13. Комисија за изработка на развојната програма за работа на основното училиште........................ 78**

**14. Користена литература........................................................ 79**

# ВОВЕД

Развојната програма за работа на основното училиште „Кузман Јосифовски – Питу“ се темели на:

- Законот за основно образование;
- Законот за наставници и стручни соработници во основните и средни училишта;
- Законот за работни односи;
- Законот за јавни набавки,
- Законот за организација и работа на органите на државната управа и други закони, подзаконски и интерни акти;
- Стратегијата за образование 2018-2025, наставните планови и програми, годишните планови за работа на основното училиште и годишни извештаи за работа на основното училиште од претходните 4 години.

Во Развојната програма за работа на ООУ Кузман Јосифовски-Питу, за периодот од 2019-2022, Комисијата во состав: Татјана Нанкова-наставник, Билјана Балева-наставник, Зорица Станоевска-наставник, стручниот соработник, Злата Анчевска, а со нив раководеше директорот на училиштето Мишела Николовска-Милеска. Комисијата се водеше од изработената самоевалуација на училиштето по сите седум подрачја. Сите наставници работеа тимски, а назначените лидери на тимовите до претседателот на УО, ги испратија своите извештаи со заклучоци. Оттука, по направените анализи беше доставен извештај до тимот за изработка на ГП. Врз основа пак на самоевалуацијата, беше изготвено развојно планирање и ГП за основното училиште. Согласно добиените препораки на МОН, Комисијата постапуваше по дадениот Правилник за изработка на Развојна програма за работа на основното училиште.

## 1. ПОДАТОЦИ ЗА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

### 1.1. ИДЕНТИФИКАЦИСКИ ПОДАТОЦИ ЗА УЧИЛИШТЕТО

| | |
|---|---|
| Име на основното училиште: | ООУ „Кузман Јосифовски – Питу“ |
| Адреса: | ▪ Централно училиште - ул.,,Антон Попов“ бр. 2<br>▪ Подрачно училиште - ул.„Наум Охридски“ бб |
| Телефон: | ▪ Централно училиште - 02/3165-365<br>▪ Подрачно училиште - 02/2734-425 |
| Место и општина: | Скопје, Кисела Вода |
| Веб-страница: | https://kjpituskopje.edu.mk/ |
| е-маил: | oukjpitu@yahoo.com |
| Ден на училиштето: | 25 февруари |
| Внатрешна површина на училиштето (м2): | ▪ Централно училиште - 2.822,34 $м^2$<br>▪ Подрачно училиште - 1.532,00 $м^2$ |
| Училиштен двор (м2): | ▪ Централно училиште - 5.481,00 $м^2$<br>▪ Подрачно училишпте - 4.415,00$м^2$ |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место: | ПУ ,,Наум Охридски“ бб – Скопје, Кисела Вода |
| Капацитет на училиштето ( максимален број на ученици): | 900 |

| | |
|---|---|
| Број на ученици - моментална состојба: | 640 |
| Број на паралелки: | 29 |
| Јазик/јазици на кој се реализира наставата: | Македонски |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби: | 2 |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето: | Една/две |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште: | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар: | / |
| Други идентификациони податоци карактеристични за основното училиште: | Училиштето е изградено 1962 година, централното училиште е тврда градба со централно греење, а подрачното има сопствено парно. Според бројот на учениците го задоволува просторот за изведување на воспитно-образовната работа како во централното, така и во подрачното училиште. Според квадратурата во централното училиште по ученик припаѓа 6,15 m2 . Во подрачното училиште има 16,6 m2 по ученик. |

## 1.2. ИСТОРИЈАТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Основното општинско училиште Кузман Јосифовски-Питу во општина Кисела Вода од Скопје постои уште од 1962 година. Основано е со одлука на Комитетот за просвета на тогашната општина, а подоцна во 1988 г. е верифицирано со број 15-2025.

Училиштето има специфична местоположба. Се наоѓа на територија на Општина Кисела Вода, а граничи со општината Центар, и опфаќа ученици од околината на населените места Пржино, Црниче, Центар, но и од поодалечени места. Во непосредна околина се и училиштата Партение Зографски и центарското училиште Димитар Миладинов..

Денес во училиштето се одвива наставата на македонски јазик, чија цел е да ги згрижува, воспитува и образува децата од населените места Пржино и Црниче. Заедничка цел на наставниците е да ги поучуваат учениците. Да се развијат когнитивните капацитети на надарените и талентираните ученици преку диференциран пристап со користење на современи методи на учење.

Училиштето ја организира наставата во два објекта, централно и подрачно училиште. Во Централното училиште наставата се изведува од 1-9 одделение. За учениците од 1-4 одделение се реализира продолжен престој, згрижувањето на учениците во 5-то одделение е во дневен престој. Во центарлното училиште за учениците од 1-5 одделение наставата се органиизра во две смени. Учениците од 6-9 одделение наставата ја посетуваат во една смена – претпладне. Во подрачниот објект учениците се организирани во две смени со дневен престој од 1-3 одделение. Наставата е традиционална. Во училиштето задолжителен странски јазик е англискиот, кој се изучува од 1-9 одделение и германскиот кој е втор странски јазик, а го изучуваат учениците од 6-9 одделение. Инклузивното образование претставува обезбедување пристап на деца со ПОП до редовните наставни програми, односно изработување на ИОП (индивидуален образовен програм) за секое дете од страна на тим од професионалци, стручни служби на училиштето, заедно со родителите.

Најдобрите ученици земаат учество на регионални, општински, градски и републички натпревари покажувајќи ги своите квалитети. Нашите ученици учествуваат на сите натпревари по сите предмети организирани од акредитирани здруженија. Суштината на натпреварите се состои во проширување и продлабочување на знаењата, умеењата и навиките на учениците. Тука доаѓаат до израз интересите, желбите и афинитетите на учениците за одредени активности.

## 1.3. СПЕЦИФИКИ КОИ ГО КАРАКТЕРИЗИРААТ УЧИЛИШТЕТО ВО ОДНОС НА ДРУГИТЕ УЧИЛИШТА

Училиштето континуирано работи на подобрување на условите за модернизирање на наставата како во однос на опремување така и за подобрување на хигиенските услови, посебно во овој период во услови на пандемија Ковид 19. Во летниот период учебна 2019/20 комплетно беа реновирани сите тоалети во централното училиште,заменети се неонски светилки со лед осветлување во дел од ходниците и холот на

училиштето, реновирана училница за учениците од прво одделение, поплочени ходници и три училници се варосани. Во летниот период 2020 год. извршено е варосување на училишниот хол,12 училници се целосно варосани со бела и масна боја како и пристапен ходник и скалила,набавени се 60 нови училишни столчиња и нови бели магнетни табли. .Во училишиот двор се реализира работна акција за уредување со хортикултурни растенија и апликации (мурали) на училишниот ѕид. Сè уште се работи во училишниот двор на доуредување катчиња за децата кои го поминуваат слободното време во продолжен престој и атрактивни реквизити за децата со попреченост. Активностите се реализираат во соработка со родителите. За подобрување на наставата, а со донација од родители обезбедени се 4 лап топи, 2 таблета, 10 неон сијалици како и наслони и седла за ученички столчиња. Соработката со родителите има значајно влијание и помош во опремување и создавање подобри услови за изведување на воспитно - образовната работа.Во две училници од страна на општината се заменети постојните неонски светла со лед осветлување.

- Во училиштето постојано се нагласува потребата од примена на повеќе методи и постапки за формативно оценување, континурано се подобрува и методолошкиот и дидактичкиот пристап во наставата. Учениците се следат континуирано, честа е диференцијацијата кај учениците кои покажуваат потешкотии во совладување на програмските цели за учениците со попреченост се изготвува ИОП. Родителите се редовно информирани за постигнувањата и однесувањето на учениците.
- Наставниците се обучија за работа со деца со посебни образовни потреби и тоа за повеќе различни видови попречености кај децата кои во сè поголем број се запишуваат во училиштето.
- Во училиштето функционираат органите и тимовите, но има неминовна потреба од одредени стручни профилни кадри како библиотекар и педагог,за кои има неопходна потреба и треба да бидат вработени во училиштето, барање кое континуирано се поднесува до надлежните институции. Има потреба во иднина да се планираат дополнителни средства за потрошен материјал за потребите на наставата.
- Учениците со поддршка од наставниот, раководниот кадар и родителите, учествуваат на натпревари. Значително добри постигнувања имаат учениците кои имаат учество на регионални и државни натпревари од разни програмски подрачја. Во иднина, училиштето може подобро да ја зајакне соработката со владиниот и невладиниот сектор, особено во аплицирање на проектни активности.
- Во училиштето треба да се зајакне улогата и учеството на учениците во животот на училиштето. Во изминатите години училиштето спроведувало активности за меѓуетничка интеграција. А оваа година училиштето заради потребите на наставата аплицираше во Еразмус програмата и тимот што ќе работи, започна со обуки и активности за имплементирање на истата.
- Улогата на родителите и нивното активно учество е важен сегмент за работата и соработката во воспитно-образовната работа и затоа училиштето ќе ја зајакнува нивната улога и ќе настојува да обезбеди поголемо учество во сите нејзини сегменти.

- Во учебната 2020/21 година, имајќи ја предвид настанатата состојба со пандемијата Ковид19, училиштето ќе работи на подобрување на достапноста на сите ученици до дигитални уреди и поврзаност со интернет. Сите вработени кои обавуваат воспитно-образовна работа ќе ги прилагодат содржините за дигитално учење со користење: презентации, видео материјали, и други дидактички средства за непречено реализирање на наставата. Училиштето треба да користи унифицирана образовна платформа, достапна за сите ученици според возраста на учениците. За следење на напредокот, наставниците ќе добијат инструкции за водење дигитално портфолио од страна на раководниот кадар и стручните соработници. Реализацијата на наставните часови ќе се одвива преку образовните платформи достапни за онлајн учење.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ПОСТОЕЧКИТЕ РЕСУРСИ СО КОИ РАСПОЛАГА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

### 2.1. БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ И СТРУЧЕН ПРОФИЛ (ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ) И СТРУЧНА ПОДГОТОВКА

| Стручен профил | Број на извршители | | Стручна подготовка | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Наставен кадар | Одделенска настава | 28 | ВСС | | | | | |
| | Предметна настава | 20 | 4 - ВСП<br>16- ВСС | | | | | |
| Раководен кадар | 1 | | ВСС | | | | | |
| Стручни соработници | 2 | | ВСС | | | | | |
| Административни службеници | 1 | | ВСС | | | | | |
| Помошен и технички кадар | 6 | | ССС | | | | | |

**СТАРОСНА СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ**

| Години | Број на вработени | Одделенска настава | Предметна настава | Директор, стручен соработник, секретар | Технички персонал |
|---|---|---|---|---|---|
| 20-30 | 4 | / | 2 | 1 | 1 |
| 31-40 | 10 | 6 | 3 | 1 | |
| 41-50 | 19 | 7 | 8 | | 2 |
| 51-60 | 20 | 11 | 8 | 1 | 3 |
| од 61 | 5 | 2 | 2 | 1 | / |
| Вкупно | 58 | 26 | 23 | 4 | 6 |

## 2.2. РАБОТЕН СТАЖ НА ВРАБОТЕНИ

| Работен стаж | Број на вработени наставници во одделенска настава | Број на вработени наставници во предметна настава | Број на вработени стручни соработници | Број на вработени админи стративни службени -ци | Број на вработен технички персонал | Број на вработен раководен кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|
| До 10 години | 7 | 8 | 1 | 1 | 2 | / |
| Од 10 до 20 години | 3 | 5 | / | / | 1 | / |
| Од 20 до 30 години | 9 | 5 | / | / | 3 | 1 |
| Повеќе од 30 години | 7 | 4 | 1 | / | / | / |
| Вкупно | 26 | 22 | 2 | 1 | 6 | 1 |

## 2.3. ПРОСТОР

| Просторија | Вкупен број | Површина (m2) | Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.) |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 29 | 1.427,00 $м^2$ | 4 | / |
| Кабинети | 3 | 30,00 $м^2$ | 4 | / |
| Библиотека | 1 | 10,10 $м^2$ | 4 | / |
| Медијатека | 1 | 50,00 $м^2$ | 4 | Во квадратура на училница е запишана |
| Читална | 1 | 10,00 $м^2$ | | / |
| Спортска сала | 1 | 255,00 $м^2$ | | / |
| Канцеларии Наставници и директор | 2 | 90,00 $м^2$ | | / |
| Канцеларија дефектолог | 1 | 10,50 $м^2$ | | / |
| Канцеларија психолог | 1 | 10.50 $м^2$ | | / |
| Канцеларија секретар | 1 | 13.24 $м^2$ | | / |
| Училишен двор | 1 | 5.481,00 $м^2$ | | / |
| Кујна со трпезарија | 1 | 234,00 $м^2$ | | / |
| Котларница | 1 | 62,44 $м^2$ | | / |
| Други подрумски простории | | 15,60 $м^2$ | | / |
| Санитарни јазли | | 192,00 $м^2$ | | / |
| Ходници и скалила | | 744,00 $м^2$ | | / |

**ПОДРАЧНО УЧИЛИШТЕ**

| Просторија | Вкупен број | Површина (m2) | Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.) |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 4 | 228,00 м$^2$ | | |
| Кабинети | / | | | |
| Библиотека | / | | | |
| Медијатека | / | | | |
| Читална | / | | | |
| Спортска сала | 1 | 100,00м$^2$ | | |
| Канцеларии Наставници | 1 | 10,00м$^2$ | | |
| Саниатарни јазли | 1 | 31,00м$^2$ | | |
| Трем | 1 | 62,00м$^2$ | | |
| Преодна тераса | 1 | 100,00м$^2$ | | |
| Заеднички простор за прослави | 1 | 238,00м$^2$ | | |
| Котларница | 1 | 150,00м$^2$ | | |
| Училишен двор | 1 | 4.415,00м$^2$ | | |

## 2.4. ОПРЕМА И НАСТАВНИ СРЕДСТВА

| Р.бр. | Нагледни и дидактички средства | Број |
|---|---|---|
| 1 | Телевизори | 12 |
| 2 | Компјутери | 6 |
| 3 | Плазма монитор Great vail | 1 |
| 4 | Фотокопир – принтер мултифункционален уред - Samsung | 1 |
| 5 | Принтер | 2 |
| 6 | Скенер | 1 |
| 7 | Копир - печатач – скенер HP Laser JET - MP | 1 |
| 8 | Факс panasonik | 1 |
| 9 | DVD плеер | 10 |
| 10 | LCD проектор | 2 |
| 11 | CD плеер FUEGO RQ6203 | 2 |
| 12 | Печатач ласерски | 1 |
| 13 | Печатач обичен | 2 |
| 14 | Камера | 1 |
| 15 | Дигитална камера | 1 |
| 16 | Компјутер сервер Great wal | 1 |
| 17 | Куќиште (компјутер) | 27 |
| 18 | Монитори | 196 |
| 19 | Тастатури | 146 |
| 20 | Глувче | 137 |
| 21 | Метален ормар за преносни компјутери | 5 |
| 22 | Преносни компјутери Intel powered classmate PS 2 get set | 130 |
| 23 | Графоскоп | 1 |
| 24 | Микроскоп | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 25 | Печатач Samsung | 1 |
| 26 | Шкаф за лап топ USAID | 1 |
| 27 | Лап топи USAID | 8 |
| 28 | Дигитален апарат | 1 |
| 29 | Едукативен робот | 1 |
| 30 | Комплет од асистивна технологија | 1 |
| 31 | Електрично пијано Yamaha | 1 |
| 32 | Yamaha Audiogram | 1 |
| 33 | Yamaha MIG-102C | 1 |
| 34 | Голем мозок со артерии 7 дела | 1 |
| 35 | Големо торзо | 1 |
| 36 | Мало торзо | 1 |
| 37 | Модел на око | 1 |
| 38 | Модел на уво | 1 |
| 39 | Модел на бубрег | 1 |
| 40 | Модел на срце | 1 |
| 41 | Модел на цвет | 1 |
| 42 | Модел на рак | 1 |
| 43 | Стандарден скелет 170 цм | 1 |
| 44 | Волтметар | 1 |
| 45 | Галванометар | 1 |
| 46 | Амперметар | 2 |
| 47 | Демонстратор на Паскалов закон | 1 |
| 48 | Резонатор вилушка | 1 |
| 49 | Уред за претварање на енергија | 1 |
| 50 | Електромагнет | 1 |
| 51 | Инфлуентна машина | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 52 | Електроскоп | 1 |
| 53 | Генератор | 1 |
| 54 | Демонстратор на Фарадеев закон | 1 |
| 55 | Комплет сет од оптика | 1 |
| 56 | Лост | 1 |
| 57 | Вага | 1 |
| 58 | Мензура | 2 |
| 59 | Апарат за дестилација на вода | 1 |
| 60 | Модел на атоми и колекули | 1 |
| 61 | Периоден систем МК | 3 |
| 62 | Глобус | 1 |
| 63 | Азија физичка карта МКД | 1 |
| 64 | Свет физичка карта МКД | 1 |
| 65 | Месечеви мени Годишни времиња Помрачување | 1 |
| 66 | Топка за фудбал | 4 |
| 67 | Топка за ракомет | 4 |
| 68 | Топка за одбојка | 2 |
| 69 | Триаголник пластичен | 6 |
| 70 | Агломер пластичен | 3 |
| 71 | Шестар пластичен | 3 |
| 72 | Линијар пластичен | 3 |
| 73 | Дигитален логопетски сет ( апарат) | 1 |
| 74 | Смарт табла | 2 |
| 75 | Илустрирани енциклопедии | |
| 76 | Дрвени бројалки | |
| 77 | Донирани таблети | 1 |
| 78 | Донирани компјутери | 7 |
| 79 | Донирани лап топ компјутери | 3 |

Во училиштето има опремено аудио и филмско студио, како и медиотека со СМАРТ табла.

## 2.5. МАТЕРИЈАЛНО – ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Финансиското работење во училиштето е во согласност со нормативните акти , сите постапки поврзани со финансиско работење коишто ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми и прописи. Раководниот кадар има разбирање за механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства и тој го следи наменското трошење на овие средства.

Во училиштето постои Комисија за јавни набавки која ги познава и работи според сите правила и прописи поврзани со реализацијата на јавните набавки.Целиот буџет се користи наменски и за креативни цели кои се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата, учењето и развојот на училиштето во целина. Училиштето навремено ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето .Постапките со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење подразбираат транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет.

Училиштето изработува Финансиски План и врз основа на потребите на училиштето во согласност со Планот за материјално-финансиско работење кој се одобрува од основачот, истиот транспарентно се реализира во текот на годината за што се дава целосен извештај пред УО кој ја усвојува завршната сметка на училиштето.

## 3. ПОДРАЧЈЕ НА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ – НАСТАВЕН ПЛАН, ПРОШИРЕНА ПРОГРАМА И ДРУГА ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНА РАБОТА

Во текот на учебната 2020/21 година во ООУ „Кузман Јосифовски – Питу“, ќе се организира:

- Настава по задолжителни предмети,
- Изборна настава,
- Додатна настава,
- Дополнителна настава,
- Слободни ученички активности.

Бројните методи кои се користат во активната настава ја менуваат функцијата на наставниот процес, ученикот како активен субјект во наставата го стекнува знаењето преку лично ангажирање, поради тоа таа се повеќе зазема централно место во работата, со што постепено ја заменуваме традиционалната настава со современа настава. Наставата се реализира во две полугодија согласно Календарот за организација на наставата, пропишана од МОН.

### 3.1. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗАДОЛЖИТЕЛНА НАСТАВА

Учениците кои посетуваат настава во продолжителен престој, престојуваат во училиште од 7:00-18:00 часот. Задолжителната настава почнува од 8:00 часот и трае до 15:00 часот.

Наставата за учениците од прво до петто одделение во подрачното училиште е класична и ќе се реализира во една смена. Часовите почнуваат од 8:00 часот.

Учениците од 1- 9-то одделение во централното училиште, наставата ќе ја следат претпладне, со почеток од 8:00 часот. Задолжителен странски јазик за сите учениците е англискиот, а втор странски јазик што се изучува од 6-то одделение е германскиот јазик.

ИЗБОРНА НАСТАВА: Според спроведените анкети на крајот од учебната 2020/21 година ќе се изучуваат следните изборни предмети:

| Наставник | Предмет | Одделение | Број на часови |
|---|---|---|---|
| Гордана Трајчевска Плетварска | КЕЦ | 6-1,2,3 | 6 |
| Вера Ангеловска | Танци и ора | 7-1<br>7-3 | 4 |
| Андреја Стојанов | Проекти од информатиката | 9-1<br>9-2 | 4 |
| Радмила Чипан | Вештини на живеење | 9-3 | 2 |
| Лидија Цаковиќ Мојсоска | Проекти од ликовната уметност | 7-2<br>8-1<br>8-2<br>8-3 | 8 |

**ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА:**

Дополнителната настава како дидактички модел на настава во Наставниот план е застапена со одреден број часови, со што добива задолжителен карактер. Оваа настава се организира за ученици кои се соочуваат со повремени тешкотии во учењето, побавно напредуваат или заостануваат во усвојувањето на некои содржини и задачи од еден или повеќе наставни предмети во помали групи. Се организира за учениците од одделенска и предметна настава. Наставата се организира во текот на целата наставна година и во вид
на продолжена настава на крајот од наставната година. Во училиштето до 1-ви септември ќе биде изработен распоред за дополнителна настава кој по донесувањето, станува составен дел на оваа годишна програма.

**ДОДАТНА НАСТАВА:**

Додатната настава има задолжителен карактер. Таа е наменета за учениците кои во текот на задолжителната настава постигнуваат натпросечни резултати и се потврдуваат со особена надареност и талентираност во одделни наставни предмети. Идентификувањето на надарените ученици се прави по пат на систематско следење, испитување на развојните способности, постигнувањата и потребите. Се организира во слободното време на учениците, според одредена програма и во помали групи.

**ПРОГРАМА ЗА ПРОДОЛЖЕН ПРЕСТОЈ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ПРВО, ВТОРО И ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ ПРЕД И ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ЧАСОВИТЕ:**

Нашето училиште организира продолжен престој за сите ученици од прво до трето одделение,кој се реализира според изготвена Наставна програма, и ќе се одвива секој наставен ден .За време на продолжениот престој учениците ги изработуваат домашните задачи,го повторуваат наставниот материјал, се надоградуваат со нови знаењеа,имаат слободни ученички активности( игри, ликовно, музичко, физичко и здравствено образование) учествуваат во културно -уметнички настани, имаат организирани прошетки и посети на културни објекти и знаменитости и други активности. Учениците треба да го почувствуваат Дневниот престој како организирана хармонична целина за работа, учење,творење, дружење, одмор, забава, амбиент кој многу се разликува од амбиентот во кој се изведува наставата и другите училишни активности, а кој се доближува до родителскиот дом.

Со своите цели, задачи, содржини и облици на работа оваа програма има педагошки, психолошки, социолошки карактер.

**Цел и задачи на продолжен престој**

- Развивање на работни навики на децата
- Развој на психички способности кај учениците (слушање, помнење, мислење, набљудување)
- Обработка на домашните задачи
- Проверка на домашните задачи

- Насочување,мотивирање и потикнување на поодделни ученици кои имаат потешкотии во совладувањето на одделни наставни содржини
- Развивање навики за редот, дисциплината и хигиената во продолжениот престој
- Развивање свест за потреба од другарство, развивање на дружељубивост и здрави меѓусебни односи во детскиот колектив.

**Работата во продолжениот престој опфаќа:**

- Работа со ученици
- Соработка со родителите
- Соработка со наставниците
- Соработка со директорот,психологот, дефектолог.

**Организацијата на работата е планирање на активности преку:**

- Прифаќање на учениците
- Одржување на редот и дициплината
- Укажување на учениците за самостојна изработка на домашните задачи и учењето на лекциите
- Рекреативни активности

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА СО ТАЛЕНТИРАНИ И НАДАРЕНИ УЧЕНИЦИ

Програмата има за цел да идентификува, карактеризира особини кај талентирани и надарени ученици преку следните аспекти:

- Идентификување на карактеристиките за учењето.
- Идентификување на творечките карактеристиките на учениците.
- Препознавање на мотивациските карактеристики кај учениците .
- Идентификување на социјалните карактеристики на учениците.

**Цели**

Учениците да научат да применуваат техники на креативно мислење со што ќе го развиваат кооперативното учење, воедно ќе го подобрат личниот и социјалниот развој.

**Подрачја на работа**

- Идентификација на талентираните ученици/идентификација на типот на успешност/
- Развивање на креативното мислење кај надарени деца/идентификација на видот на успешност
- Развивање на соработката помеѓу учениците

- Подобрување на самодовербата и самопочитта на надарените и талентирани ученици
- Подобрување на индивидуалниот и социјалниот живот и работа

**Носители на програмата**

- Стручниот соработник и наставници

**Начин на реализација:**

Тест на општи способности, листи за родители, листи за однесување на талентираните и надарени ученици

**Поттикнување на способностите**

- Флуентност / количина на идеи/
- Флексибилност / разновидност на идеи/
- Оригиналност /продукција на нови идеи/
- Елаборација / подобрување на сопствени идеи/
- Љубопитност / размислување за нови идеи/
- Сложеност / доаѓање до алтернативни идеи/
- Изложување на ризик / критика на идеите/
- Фантазија / размислување кое оди подалеку од реалниоста

**Развивање на когнитивните домени кај талентираните и надарени ученици:** Учениците ќе работат на разни стратегии на учење во наставата / мисловни мапи, проблемска работа, проектни активности, есеи и есејски прашања со различен степен на сложеност, изведбени активности/ по повеќе предметни подрачја.
Во текот на годината учениците ќе изготвуваат апликации, ќе учествуваат на натпревари на општинско, градско и државно ниво, како и меѓучилишни и училишни натпревари.

**Развивање на социјалниот развој на учениците:** развивање на свеста за улогите, начините на живот и работа, интересите на возрасните, вреднување и допринос на другите, решавање на морални дилеми**,** издвојување на добри и лоши страни, размислување за пристапите за учење.

**УЧИЛИШНИОТ ИНКЛУЗИВЕН ТИМ**

Основна цел на училишниот инклузивен тим е да се грижи за инклузивната политика на училиштето. За нејзино унапредување тимот ги планира повеќе активности:

- Подготовки на наставниците – глобално и тематско планирање на наставната програма

- Планирање на програмата за дополнителна настава
- Насоки за изготвување на ИОП и пополнување на потребните обрасци
- Работилници со родители
- Поддршка на наставниците во идентификување (детектирање) на наставните потреби за децата.
- Работилници со учениците и др.

**УПОТРЕБА НА ИКТ ВО НАСТАВАТА**

Во учебната 2020/2021 година, наставата ќе се реализира преку ИКТ технологијата. Од особена помош за учење преку визуелните софтвери ќе придонесат и СМАРТ таблите.

Број на реализирани часови ќе се определува согласно потребите за учење на далечина и поради настанатата состојба со Ковид19.

**ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ**

Воннаставните активности претставуваат значаен дел од воспитно-образовниот процес што ги создава потребните предуслови ученикот да се развие во отворена, самостојна, креативна и карактерна личност. Ангажирањето во воннаставните активности им овозможува на учениците да изградат позитивен став спрема училиштето и придонесува за подигање на мотивацијата на учениците за постигање повисок училишен успех.

**Цели:**

Основна цел на воннаставните активности е да овозможат стекнување на занаења, вештини и вредности/ ставови зацртани со Националните стандарди за основното образование, со посебен акцент врз занаењата, вештините и вредностите/ставовите вклучени во следните подрачја: Личен и социјален развој, Демократска култура, мултикултура и граѓанство, Уметничко изразување и култура и Претприемништво и финансиска писменост.

Во планирањето, организирањето и спроведувањето на воннаставните активности училиштето ќе се води од следниве начела/принципи:

- Воннаставните активности придонесуваат за когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на ученикците;
- Воннаставните активности се инклузивни и недискриминативни;
- Воннаставните активности се привлечни за повеќето ученици;
- Воннаставните активности обезбедуваат активно учество на учениците;
- Секогаш кога е можно, воннаставните активности развиваат интеркултурни компетенции кај учениците;
- Воннаставните активности ја поттикнуваат соработката на училиштето со родителите и со локалната заедница;

Во училиштето се реализираат повеќе видови вонnаставни активности кои се разликуваат според должината на времетраењето:

- Краткотрајни воннаствни активностиво одделенска настава
- Акции во училиштето или заедницата, работилници, излети и екскурзии- Еднократни работилници
- Ученичко организирање и Ученички иницијативи

| Иницијатива | Носител | Временска рамка | Одговорни лица |
|---|---|---|---|
| Ученичка иницијатива како да се обезбедат нови книги во библиотеката во подрачното училиште | Учениците и одделенските наставници на I³, III³, IV³,V³ и ПП | Октомври-јуни | Претседателите на I³, III³, IV³,V³ и ПП |
| Помош во организација на слободното време на првачињата | 2-3 одд<br>1-2 одд<br>1-1 одд<br>4-1одд<br>4-2 одд | Септември 2 часа | Винета Радовиќ Мирческа<br><br>Валентина Србиновска |
| Разрешување на конфликит со постарите како тутори на помалите | 2-3 одд<br>1-2 одд<br>1.1 одд<br>1-3 одд | Октомври 2 часа | Винета Радовиќ Мирческа<br><br>Валентина Србиновска |
| Помош на изнемоштените соседи | 2-3одд<br>7-3одд<br>6-2 одд<br>4-1одд<br>4-2 одд<br>5-3одд | Ноември 1 час<br>Декември 1 час | Винета Радовиќ Мирческа<br><br>Валентина Србиновска |

**ПРЕДМЕТНА НАСТАВА**

- Секции/Клубови во предметна настава
- Краткотрајни вonнаствни активности

**АКЦИИ ВО УЧИЛИШТЕТО ИЛИ ЗАЕДНИЦАТА, РАБОТИЛНИЦИ, ИЗЛЕТИ И ЕКСКУРЗИИ**

**Ученички иницијативи**

| Иницијатива | Носител | Временска рамка | Одговорни лица |
|---|---|---|---|
| Отворен ден по Граѓанско образование | Училишно раководство<br>Стручна служба<br>Наставник по граѓанско образование | Септември-декември | Училишно раководство<br>Стручна служба<br>Наставник по Граѓанско образование |
| Обезбедување донации или продажни изложби на продукти | Ученички парламент<br>Одделенска заедница на 8/2 | Октомври - мај | Одделенски раководител на 8/2<br>Лилјана Данилов |
| Проектни активности-преку ученички групи за истражување | Ученици од 9 | септември-јуни | Андреј Гроздановски и Бојан Дамјановски |
| Обедбедување финансиски средства преку донации и продажни изложби | Татјана Нанкова | октомври-мај | одделенска заедница и УП -9/2 |

## УЧЕНИЧКИ НАТПРЕВАРИ

| Наставен предмет | Предметен наставник | Организатори и реализатори | Време |
|---|---|---|---|
| **Математика** | Стојан Владимиров<br>Надица Христовска | Друштво на математичари<br>Општински<br>Регионален<br>Државен натпревар | Февруари - Март |
| **Физика** | Јулијана Митревска | Друштво на физичари<br>Општински<br>Регионален<br>Државен натпревар | Март |
| **Македонски јазик** | Татјана Нанкова<br>Елизабета Камчевска | Асоцијација на наставници по македонски јазик<br>Општински<br>Регионален<br>Државен натпревар | Март |
| **Германски јазик** | Гордана Ристеска | Асоцијација на наставници по германски јазик<br>Општински<br>Регионален<br>Државен натпревар | Март |
| **Англиски јазика** | Лилјана Данилов<br>Анита Јовановска<br>Павлина Урдаревска | Елтам Асоцијација на наставници по англиски јазик<br>Општински<br>Регионален<br>Државен натпревар | Март |
| **Природни науки** | Катерина Љотевски | Друштво на биолози<br>Општински<br>Регионален<br>Државен натпревар | Март |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Биологија** | Катарина Љотевски | Друштво на биолози<br>Општински<br>Регионален<br>Државен натпревар | Март |
| **Географија** | Наумка Тунтевска | Друштво на географи<br>Општински<br>Регионален<br>Државен натпревар | Март<br>Април |
| **ФЗО**<br>(кошарка, ракомет, фудбал пливање) | Зорица Станоевска | Локазлна самоуправа<br>Општински<br>Регионален<br>Државен натпревар | Второ полугодие |
| **ТО** | Марина Дуева | Асоцијација на наставници по техничко образование јазик<br>Општински<br>Регионален<br>Државен натпревар | Март - Април |
| **Музичко образование**<br>(хор, оркестар и вокални солисти) | Вера Ангеловска | Здружение на наставници по музичко на Р.Македонија<br>Општински<br>Регионален<br>Државен натпревар | Април- Мај |

ГИМНАЗИЈА АЛГОРИТАМ - МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ

| Предмет | Наставник | Време и очекувања |
|---|---|---|
| Англиски јазик | Лилјана Данилов<br>Анита Јовановска<br>Павлина Урдаревска | Февруари – Март<br>Подобрени и надградени знаења кај учениците учесници и ученици со развиен натпреварувачки дух |
| Информатика | Андреја Стојанов | |
| Физика | Јулијана Митревска | |
| Математика | Јулијана Митревска | |
| Македонски јазик | Татјана Нанкова<br>Елизабета Камчевска | |

ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

| Предмет | Наставник | Настан |
|---|---|---|
| Македонски јазик | Татјана Нанкова<br>Елизабета Камчевска | - Денот на мајчиниот јазик<br>- Денот на општината |
| Ликовно образование | Лидија Цаковиќ | - Денот на мајчиниот јазик<br>- Денот на општината |
| Музичко образование | Вера Ангеловска | - Јас имам талент |

**ОПШТЕСТВЕНО – ХУМАНИТАРНА РАБОТА**

**Цели на програмата**

- да се разбере правилно улогата на физичкиот и интелектуалниот труд;
- да се развие позитивен однос кон работата, особено,кон општествено корисна работа како и кон средината за работа;
- да се поттикне хуманоста кај секој поединец вклучувајќи ги учениците , наставниците и родителите.
- да се унапреди безбедноста на учениците во сообраќајот;
- да се развиваат естетски и морални вредности кон природата и заштитата на животната средина.

**Задачи**

- развивање работни навики за ракување со алат и прибор за работа;
- почитување на сопствениот и туѓиот труд во процесот на работата и меѓусебна помош во работата;
- преку креативност да се поттикне хуманоста , несебичното помагање и взаемната помош.
- создавање навики за естетско уредување на училиштето;
- да стекнат знаења за одгледување на насадите и заштитување на зелените површини;
- одржување на ентериерот и екстериерот во училиштето;
- развивање сообраќајна култура кај учениците, создавање навики за безбедно движење во сообраќајот од најмала возраст.

**ЕКО-ПАТРОЛИ**

Еколошките патроли ќе бидат формирани од ученици од одделенска и предметна настава. Следени од одговорните наставници ќе подготвуваат извештаи и листи за следење на реализацијата на точките на акција од воспоставените еко-стандарди.

**ПРОГРАМА ЗА АНТИКОРУПЦИСКА ЕДУКАЦИЈА**

Училиштето во учебната 2020/21 година ќе продолжи со реализација на активности поврзани со антикорупциска содржина, во 12 паралеки, ученици од шесто до девето одделение. Спроведувањето на програмата е во насока на воспоставување на вредносен систем, кој ќе ја измени сегашната култура на прифаќање на корупцијата и ќе ги промовира придобивките од доброто владеење и однесување. Заменувајќи ги лошите навики и пораки со добри, и истакнувајќи ги позитивните примери, учениците опфатени со активностите од антикорупциската едукација ќе можат да ја препознаат корупцијата и да се заштитат од оваа негативна општествена појава.

**Цели:** Учениците:

- Ги знаат поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност;
- Знаат што значи „одолевање на социјален притисок“;
- Да научат во кои облици се појавува корупцијата и начинот наспречување
- Да научат кои се механизмите за спречување на корупцијата;
- Да можат да прават проценка за штетното влијание на корупцијата во општеството;
- Ја знаат улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Македонија и механизмите преку кои таа делува;
- Ги знаат начините како и каде може да се појави корупцијата и на кој начин може да се спречи;
- Да можат да создаваат клима на демократско општество со вредности на правичност и одговорност;

## ПРОГРАМА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО ВО УЧИЛИШТЕ

Училиштето во учебната 2020/21 година ќе се залага за спроведување на училишната политика за намалување на насилството, базирајќи се на спроведената училишна ревизија. Во спроведувањето на училишната политика за намалување на насилството, ќе се базира на следните клучни принципи :

### Почитување и грижа

Училиштето ќе се залага за почитување на меѓучовечките односи и грижа за училиштето и ентериерот во него. Почитувањето ќе ни обезбеди чувство на еднаквост, толеранција на сите и разбирање на индивидуалните особини на секоја личност.
Програма за превенција од насилно однесување во **училиште.**

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Целна група | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Обезбедување од страна на приватна агенција според посебна програма за работа | Во текот на учебната година | Агенција за обезбедување | Учениците | Намалување и превенција на инциденти на насилно однесување и ограничен пристап на надворешни лица во училиштето од безбедности причини. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Секојдневно дежурство од страна на наставниците со определено место и задачи со водење секојдневна евиденција и записи како поминало дежурството | Во текот на учебната година | Сите наставници | Учениците | Превенција од инциденти на насилно однесување |
| Секојдневни дежурства од страна на ученици со посебно место и задачи на дежурниот ученик | Во текот на учебната година | Ученици од I V – IX одделение | Учениците | Превенција од инциденти на насилно однесување |
| Вклучување во проекти на тема справување со насилство од страна на други институции | Во текот на учебната година | МВР, Општина Кисела Вода, НВО | Ученици, наставници и педагошко психолошка служба | Стекнување знаења и вештини за справување и разрешување на конфликти и намалување на насилно однесување |
| Организирање работилници за учениците во и надвор од училиштето за справување со конфликти на конструктивен начин | Во текот на учебната година | НВО,училишен парламент, наставници | Учениците | Стекнување знаења и вештини за справување и разрешување на конфликти |

**Безбедност во училиштето**

Во училиштето сите заедно ќе се залагаат за безбедост во наставниот процес и воннаставите активности. Училиште ќе обезбеди чувство на сигурност, а сите присутни во училиштето како и во училишниот двор. Основна цел на безбедноста е сите учесници во воспитно-образовниот процес да се чувствуваат згрижени, заштитени од сите видови опасности.

Во училиштето постои Правилник за заштита од пожари и експлозии и План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи *бр. 03-523/1 од 03.12.2012.

**Позитивна социо-емоционална клима**

На сите присутни во училиштето ќе им биде обезбедена морална и емоционална поддршка. Со тоа ќе се придонесе за развивање на позитивна училишна клима, соработка и чувство на припадност со цел да се развива ненасилна етика во училиштето;

**Активности кои ќе го спречуваат насилното однесување:**

| Содржини | Конкретни активности | Време на реализација | Одговорни за спроведување |
|---|---|---|---|
| **Создавање безбедна училишна средина** | ОЖВ работилници во одделенска и предметна настава | Континуирано | ▪ Одделенски раководители |
| | Дискусија со родители: ,,Аспекти кои го прават вирусот на мирот“ - работилници со родители од паралеките во одделенска и предметна настава | Октомври-јануари | ▪ Членови на Совет на родители<br>▪ Психолог<br>▪ Тим за ненасилство |
| | Обуки на наставници за ефективно делување и намалување на насилството во училишето | Континуирано | ▪ Психолог<br>▪ Тим за ненасилство |
| | Соработка со релевантни институции и организации(МОН,МВР, Црвен крст на Република Македонија, Уницеф....) | Континуирано | ▪ Психолог<br>▪ Тим за ненасилство |
| | Трибина со учество на надворешни лица(мир и толеранција) | Април | ▪ Тим за ненасилство |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Создавање мрежа од ученици на различни возрасти за меѓуврсничка поддршка** | Обуки со фокус-група ученици во развивање стратегии за намалување на малтретирање,<br>болести на зависност, асоцијално однесување,<br>соработка со установи | Септември- мај | ▪ Психолог<br>▪ Тим за ненасилство |
| | Изработка на постери, пораки, флаери за ненасилство и нивно поставување во училиштето | Февруари- мај | ▪ Ученичка заедница<br>▪ Тим за ненасилство |
| **Следење на ефектите од спроведените активности** | Интерактивни средби со ученици поддржувачи | Јануари- мај | ▪ Претседател на совет на родители<br>▪ Психолог<br>▪ Тим за ненасилно однесување |
| **Евалуација** | Спроведување прашалници<br>Изготвување извештај | Мај –јуни | ▪ Претседател на советот на родители<br>▪ Психолог<br>▪ Тим наставници |

**Грижа за здравјето**

**ЦЕЛ:** Унапредување на физичкото и менталното здравје на учениците

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | За кого се реализира | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| **Систематски преглед и ревакцина MRP** | Прво полугодие | Претставници од здравствена установа | Прво одделение | Мерки за заштита и превенција и навремено откривање на евентуални болести и аномалии |
| **Систематски преглед** | Прво полугодие | Претставници од здравствена установа | Трето одделение | Мерки за заштита и превенција и навремено откривање на евентуални болести и аномалии |
| **Ревакцина DT и POLIO** | Прво полугодие | Претставници од здравствена установа | Второ одделение | Заштита и превенција |
| **Ревакцина Tetanus и Poliomielitis** | Прво полугодие | Претставници од здравствена установа | Осмо одделение | Заштита и превенција |
| **Вакцина HPV за девојчиња прва доза** | Прво полугодие | Претставници од здравствена установа | Седмо одделение | Заштита и превенција |
| **Залевање на трајни заби** | Септември/ октомври | Претставници од здравствена установа | ученици | Заштита и превенција на заби |
| **Залевање и резалевање на трајни заби** | Октомври/ ноември | Во амбуланта со претставници од здравствена установа | ученици | Заштита и превенција на заби |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Залевање на трајни заби како и проверка на залевањето** | Ноември/ декември | Во амбуланта со претставници од здравствена установа | ученици | Заштита и превенција на заби |
| Целосно изготвување на НПП во согласност со Наставните планови и програми донесени од МОН и БРО;<br><br>Изготвување годишни глобални, тематски и дневни планирања по сите предмети и одделенија, како и програми за додатна и дополнителна настава, програми за СУА, воннаставни активности, екскурзии, посети, програми за соработка со родители;<br><br>Успешно интегрирање на еколошка едукација во наставните планови и програми од страна на наставниците;<br><br>Активности за развивање на еколошка свест кај учениците, наставниците и сите вработени во училиштето;<br><br>Можност за избор на повеќе изборни предмети кои во целост ги | Да се развијат когнитивните капацитети на надарените и талентираните ученици преку диференциран пристап со користење на современи методи на учење .<br>Наставниците имаат потреба од постојано усовршување преку обуки, семинари платени од училиштето<br>-Обука на поголем број наставници за работа со деца со посебни потреби.<br><br>Училиштето нема вработено библиотекар и домаќин.<br><br>Училиштето не е во сосотојба постојано да ги дополнува потребите за потрошниот матерјал ( хартија за печатење А4, тонери, печатари, креди во боја, спортски реквизити и сл)<br>делумно запазена меѓупредметна интеграција и корелација;<br>-Во училиштето постоел ученички весник каде се презентирале ученичките трудови, награди и признанија, а веќе подолго време |

| | |
|---|---|
| задоволуваат барањата и потребите на учениците;<br><br>Прилагоденост на НПП на спецификите на локалната средина;<br><br>Активно учество на училиштето во активности на локалната самоуправа;<br>Училиштето се промовира во пошироката локална заедница, преку учество на училишниот хор на манифестација по повод одбележување 30 години од донесување на Конвенцијата на детските права во Дом на АРМ, училишниот хор, во соработка со ОХО продукција и Стопанска банка, учествуваше на манифестацијата „Сонуваме менуваме“, учество на Конгрес посветен на семејно насилство врз децата во хотел Хилтон, учество на отворен час по Граѓанско образование, учество на хорот на манифестација по повод роденденот на кралот на Холандија, учесто во проектот „Градиме мостови“, соработка со Црвен крст, посебното основно училиште за деца со пречки во психофизичкиот развој ПОУ „Д-р Златан Сремец“, посета од страна на студентите од Филолошки факултет „Блаже Конески“, од катедрата за англиски јазик,<br>Постои отворена и взаемна соработка со локалната заедница;<br>Стопанските организации од локалната заедница се отворени за помош и финансиска поддршка на училиштето. | весникот не е во функција;<br>-Подобрување во развивање на креативноста и стручноста на учениците нивно насочување и поттикнување во подрачја во кои тие се заинтересирани;<br>-Збогатување на веб-страната на училиштето со нови информации за постигнувањата на учениците и презентација на вештините на наградените ученици како во училиштето така и во други институции;<br>Училиштето треба да се зајакне во планирање и системско промовирање на талентирани ученици..<br>Училиштето треба да се подобри со поголема промоција од постигнатите резултати од натпревари, поголео признавање преку истакнување, пофалници и планирање буџет за наградување на учениците и наставниците.<br>Не е забележано учество и соработка со основни училишта во општината преку заеднички активности во МИМО проектот.<br>Во иднина училиштето треба да ги вклучи учениците во поголем број во донесување одлуки значајни за нив и училишниот живот.<br>Да се подобри учеството на родителите за учество во проектни активности. |

| **МОЖНОСТИ (ПРИЛИКИ) што произлегуваат од работата на основното училиште** | **ЗАКАНИ, ПРЕЧКИ (ОПАСНОСТИ) што произлегуваат од работата на основното училиште** |
|---|---|
| -Промоција на училиштето преку јавни настапи во локалната средина.<br>-Учество на учениците на локални, регионални, државни и меѓународни натпревари и други манифестации.<br>-Можност за избор во дневен престој и класична настава<br>- Капацитетите на дефектолозите и наставниците за работа со деца со ПОП<br>-Медиотека и друга опрема за современа настава | -ковид 19<br>- конкурентни основни училишта во близина<br>-старосна структура на населението во куќите. |

## 6. МИСИЈА И ВИЗИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

### МИСИЈА

Мисија на училиштето е залагање за интегрирано образование за меѓуетничка интеграција преку современа, мултиетничка, воспитно-образовна установа, која ќе обезбеди висококвалитетно образование преку редовни наставни и воннаставни активности. Интегрираните вонаставни активности ќе го застапуваат индивидуализираниот пристап кон секој ученик, како и континуирана тимска и тандемска форма на работа, која ќе влијае врз подобрувањето на квалитетот на целокупниот воспитно-образовниот порцес, истовремено и развојот на мноштво компетенции и животни вештини кај учениците, наставниците и родителите, неопходни за квалитетен соживот во заедници со мултиетнички карактер. Персоналот во училиштето континуирано ќе го поттикнува и следи својот професионален развој преку сите проектни активности.

### ВИЗИЈА

Во училиштето ќе се создаде високо квалитетен и претставителен образовен модел, кој ќе претставува пример за еднакви можности и пристап до образование на сите етнички заедници. Современ интегриран образовен модел што ги негува, поттикнува и интегрира мултиетничките вредности, а истовремено ќе промовира и поддржува партнерские односи меѓу учениците, наставниците и родителите, со поттик и вклучување на заедницата преку воспоставување на хармонични односи кои се темелат на почитување на разликите.

Воспитно-образовниот кадар ќе се стреми кон развивање лични и професионални вредности, почитувајќи ги принципите на духовните и материјални еко вредности.

Училиштето ќе промовира:

- Соработка и дијалог, како алатка за разрешување на проблемите и зближување на луѓето;
- Взаемна почит помеѓу учениците и нивните семејства од различно етничко, религиозно и културно потекло;
- Еднакви можности и третман на сите ученици, преку негување на позитивни односи и взаемна доверба;
- Почитување на важните општествени вредности, како што се: почитување на разликите, отворена комуникација, дијалог, толеранција, конструктивност при справувањето со конфликти и надминување на стереотипите и предрасудите.
- Добри иновативни практики преку наставни програми, мултимедијални, Еко и МИО проекти кои поттикнуваат когнитивен и социо-емоционален развој.
- Здрави стилови на однесување и соработка со инклузивни модели;
- Наставниците и стручните соработници ќе ги развиваат своите компетенции преку различни форми на работа и соработка.

## 7. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТНИ ПОДРАЧЈА ЗА РАЗВОЈ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ВО ЧЕТИРИГОДИШНИОТ ПЕРИОД од 2019-2022

Самоевалуацијата спроведена во 2020/2021 година како и компаративната анализа, покажува дека приоритети кои ќе бидат вклучени во насока на подобрување на воспитно – образовната работа на училиштето се:

- П-1 Поголема вклученост на учениците при изработката на програмите за работа за вонннаставни активности;
- П-2. Усовршување на наставниот кадар за работа со деца со посебни образовни потреби;
- П-3.Поголемо учество на учениците во носење одлуки важни за животот во училиштето;
- П-4. Зајакнување на тимската работа, взаемно помагање и почитување помеѓу наставниците и персоналот;
- П-5. Соработка со деловната заедница, невладин сектор, вклучување на училиштето во програми поддржани од ЕУ (ERAZMUS, проекти кои МОН ги реализира во соработка со други европски земји)..
- П-6.Континуирана соработка на меѓуетничка интеграција во образованието, преку проектни активности и со организација на заеднички наставни часови;
- П-7 Поголемо вклучување на родителите во активностите на училиштето.

**ЦЕЛИ:**

- Вклучување на сите ученици во воннаставните активности, ориентирани и усогласени со индивидуалните потреби.
- Усовршување на наставниот кадар за работа со деца со посебни образовни потреби со нови методи и постапки.
- Усовршување на наставниот кадар, директор и стручните соработници за новите методолошки постапки за онлајн настава и зајакнување на колективната и тимската работа.
- Континуирано во планирање и организирање на воннаставни активности и континуирана застапеност во органи и тела на училиштето.
- Вклучување на родителите во планирање и организација во проекти организирани од Владини и невладини организации.

## РАЗВОЕН ПЛАН

<table>
<tr><td>Приоритетно подрачје за промена</td><td colspan="5"><ul><li>П-1 Поголема вклученост на учениците при изработката на програмите за работа за вонпаставни активности;</li></ul>Стратешка цел: Планирање и програмирање оперативни планови за работа со меѓусебна усогласеност на наставниците и учениците</td></tr>
<tr><td colspan="6">Цели<br>Да се развијат оперативни планови, ориентирани и усогласени со индивидуалните потреби и афинитети на учениците за учество во воннаставните активности<br>Очекувани исходи:<br>Да се конкретизираат активности во Спортски клубови, секции, акции<br>Учениците да преземат активна и конструктивна реализација во спроведување на програмите за воннаставни активности<br>Задачи:<ol><li>Формирање мали тимови од ученици во рамки на паралелки и генерациски ,за учество во изготвување програми за воннаставните активности</li><li>Изготвување планови за работа на спортските клубови,секциите и акции</li><li>Следење на реализацијата на програмите за воннаставни активности од страна на тимовите</li><li>Системско информирање за спроведување на планирањата и креирање процедури за следење</li></ol></td></tr>
<tr><td>Активности</td><td>Индикатори</td><td>Носители на активноста</td><td>Временска рамка</td><td>Ресурси</td><td>Тим за следење</td></tr>
<tr><td>1.1.1<br>Формирање тимови ученици за партиципирање во планирање</td><td>Број на тимови<br>Број на ученици партиципиенти</td><td>Стручна служба, Одделенски и предметни наставници, Тим за ИОП</td><td>Септември во сите тековни години</td><td>Компјутер</td><td>Претставници на ученички парламент</td></tr>
<tr><td>1.1.2<br>Организирање средби со наставници</td><td>Воннаставните активности ги задоволуваат индивидуалните потреби на учениците</td><td>Стручна служба, Одделенски и предметни наставници, Тим за ИОП</td><td>Септември во сите тековни години</td><td>Компјутер</td><td>Претседателство на ученички парламент</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.3<br>Спроведување анкети со учениците за учество во секција, спортски клуб, акција | Број на анкети<br>Број на анкетирани ученици | Стручна служба, Одделенски и предметни наставници, Тим за ИОП | Септември во сите тековни години | Компјутер | Претседателство на ученички парламент |
| 1.1.4<br>Учество на учениците во изработка на посебни програми за работа на секции, спортски клубови и акции | Број на изработени програми за учество во воннаставни активности | Стручна служба, Одделенски и предметни наставници, Тим за ИОП | Септември во сите тековни години | Компјутер | Претседателство на ученички парламент |
| 1.1.5<br>Развивање инструменти за следење на учеството и квалитетот на реализацијата на секции, спортски активности и акции | Изготвени инструменти<br>Број на следења | Претседателство на ученички парламент | Полугодие<br>Крај година | Хартија<br>Тонер<br>компјутер | Стручен соработник<br>директор |

| Приоритетно подрачје за промена | **Цел:**<br>• П-2. Усовршување на наставниот кадар за работа со деца со посебни образовни потреби;<br>**Стратешка цел:**<br>*Подршка за индивидуализирана настава и настава насочена кон индивидуалните потреби на учениците*<br>**Задачи :**<br>*1.Скенирање на потребите на наставниците за видови обуки*<br>*2. Анализа на потребите на наставниците*<br>*3. Изготвување Акционнен план за спроведување обуки*<br>*4. Изнаоѓање начини за квалитетна образовна поддршка од страна на надворешни обучувачи* |
|---|---|

| Активности | Индикатори | Носители на активноста | Временска рамка | Ресурси | Тим за следење |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.1.<br>Да се утврди моменталната состојба за стручно усовршување на воспитно образовниот кадар | Спроведена анкета, дискусија со воспитно образовниот кадар | Директор<br>Стручна служба | Октомври<br>ноември<br>декември | Хартија<br>Компјутер | Тим за професионален развој<br><br>директор |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.2<br>Да се постават приоритети за стручно усовршување на наставници стручни соработници за работа со талентирани ученици и ученици со пречки во развојот | Приоритетите се определени според видот на попреченост на учениците | Стручна служба<br>Директор<br>Наставници<br>Тим за професионален развој | По една обука од 2020 / 24 | Лаптоп<br>Хартија<br>тонер | Тим за професионален развој<br><br>Директор<br>Стручен соработник |
| 2.1.3 Да се изврши избор на обуки и обучувачи | Број на обуки според динамиката | Тим за професионален развој | Во текот на 2020 | Лаптоп<br>Хартија<br>Тонер, интернет | Директор<br>Стручен соработник |
| 2.1.4. Утврдување на периодот и динамиката на реализацијата на обуките | Сите пријавени наставници ја завршиле обуката | Тим за професионален развој | Во текот на 2020 | Финансиски средства | Директор |
| 2.1.5<br>Континуирано спроведување на дисеминација | Примена на наученото во пракса | Обучувачите ментори<br>Наставници | тековно | ИТ технологија<br>Хартија<br>тонер | Директор<br>Тим за професионален развој |
| 2.1.6<br>Набавка на стручна литература | Број на стручни изданија | Директор стручен соработник<br>Тим за професионален развој | 2020-2024 | Финансиски средства | Тим за професионален развој |
| 2.1.7 Организирање стручно усовршување надвор од училиштето | Број обучени наставници | Наставнички совет | 2020-2024 | Финансиски средства | Тим за професионален развој |

| Приоритетно подрачје за промена | **Цел**<br>• П-3.*Поголемо учество на учениците во носење одлуки важни за животот во училиштето;*<br>**Стратешка цел:**<br>*Насочување на учениците кон општествено прифатливи облици на однесување, ориентирање кон здрави облици на однесување*<br>**Задачи:**<br>*1.Изготвување Програми за социо-емоционални вештини*<br>*2. Учество во организирање дебати, работилници*<br>*3. Учество во афирмирање и промоција на училиштето*<br>*4. Активно учество во креирање содржини за електронско учење во училиштето и Локалната средина* | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| Активности | Индикатори | Носители на активноста | Временска рамка | Ресурси | Тим за следење |
| 3.1.1Организација на програми за развивање на социјални вештини ( толеранција, емоционална интелигенција | Изготвени планирања | Стручна служба<br>Тим наставници за ненасилство | Септември 2020 | Хартија<br>Тонер лаптоп | директор |
| 3.1.2.Работилници за правата на децата | Број на работилници | Ученички парламент и Тим наставници за Ученичко учество | 2020-2022 | Хартија<br>Тонер лаптоп | директор<br>Тим за ученичко учество |
| 3.1.3.Организирање дебати за прифаќање социјално прифатливи облици на однесување | Број на дебати<br>Број на ученици<br>Мотивација за учество | Ученички парламент и наставници | 2020-2022 | / | директор<br>Тим за ученичко учество |
| 3.1.4Промоција на образовните постигања - медиумски кампањи, саем на добра пракса | Оформена WEB редакција | Ученици од 8 и 9то одделение | Секоја година | интернет | директор |
| 3.1.5.Уредување на | Број на акции и | Претседатели на | Секоја година | растенија | Ученичка ЕКО патрола |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| спортски терени | промени | паралелки со тимови | | Финансиски средства | |
| 3.1.6.Соработка со Локалната средина | Број на средби и активности | Ученички парламент | Секоја година | / | директор<br>Тим за ученичко учество |
| 3.1.7.Вклучување на учениците во развивање платформи за електронско учење | Зголемен број на електронски платформи за електронско учење | Тимови ученици од паралелките 8 и 9 одделение. | 2020-2022 | интернет | Директор<br>Наставник по информатика |
| 3.1.8.Зајакнување на еколошката свест кај учениците | Зголемен број на еколошки акции | Тимови за ЕКО акции од секоја паралелка | 2020 2024 | Хартија<br>Тонер лаптоп | директор<br>Тим наставници за ЕКО |
| 3.1.9.Интензивирање на работата на Ученичкиот парламент | Зголемен број на ученички иницијативи | Претседателството на Ученичкиот парламент | 2020 2023 | Хартија<br>Тонер лаптоп | директор<br>Тим за ученичко учество |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Приоритетно подрачје за промена | **Цел:**<br>П-4. *Зајакнување на тимската работа, взаемно помагање и почитување помеѓу наставниците и персоналот;*<br>**Стратешка цел:**<br>*Подобрување на квалитетот на наставата преку заедничка соработка*<br>**Задачи:**<br>*1.Изготвување заеднички планирања*<br>*2.Соработка во изведба на добра пракса*<br>*3.Организирање состаноци за рефлексија*<br>*4.Планирање и изведба на часови за воннаставни активности* | | | | |
| | | | | | |
| Активности | Индикатори | Носители на активноста | Временска рамка | Ресурси | Тим за следење |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4.1.1Изготвување План за работа на Активи ( одделенска и предметна настава) | Зголемена соработка помеѓу наставниците во планирањето | Претседатели на Активи - одделенска и предметна настава наставници | Континуирано | Лаптоп хартија тонер | Тим за професионален развој Директор Стручна служба |
| 4.1.2.Заедничко конципирање на Планот за стручно усовршување во портфолио | Портфолиото содржи јасен концепт на учества во тимска работа на наставниците | Наставен кадар Стручни соработници | 2020-2024 | Лаптоп хартија тонер | Тим за професионален развој Директор Стручна служба |
| 4.1.3.Размена искуства од практична примена на новите знаења и вештини во подготовка на часовите | Број на средби Научени искуства | Наставен кадар Претседатели на Активи Стручен соработник | 2020-2024 | Лаптоп хартија тонер | Директор Стручна служба |
| 4.1.4.Отворени часови | Број на наставници кои реализирале отворени часови со советување | наставници | континуирано | Лаптоп хартија тонер Смарт табла проектор | Директор Стручна служба Тим за Професионален развој |
| 4.1.5.Состаноци за анализа и корекција | Степен на задоволство и мотивација кај учениците | Ученички парламент Тим за Ученичко учество | Полугодие и крај година 2020-2024 | Лаптоп хартија тонер | Директор Стручна служба Тим за Професионален развој |
| 4.1.6.Тимска соработка за поддршка на учениците со пречки во развојот | Број на учества Степен на индивидуален напредок според ИОП | Наставници дефектолог | Во секое тримесечје од годината | Лаптоп хартија тонер | Директор Тим за професионален развој |
| 4.1.7.Тимска работа во прилагодување на вонннаставните активности | Подобрена соработка помеѓу наставниците | Наставници Стручна служба | Во секое тримесечје од годината | Лаптоп | Директор Стручна служба Тим за Професионален развој |
| 4.1.8.Наставниците | Број на средби со | Наставници | На крај на секоја година | интернет | Директор |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| соработуваат преку он-лајн платформи | интегрирана настава | | | | Стручен соработник |

| | |
|---|---|
| Приоритетно подрачје за промена | **Цел:**<br><br>• П-5. *Соработка со деловната заедница, невладин сектор, вклучување на училиштето во програми поддржани од ЕУ (ERAZMUS, проекти кои МОН ги реализира во соработка со други европски земји)..*<br>**Стратешка цел**:<br>*Родителите се активни учесници во работата на училиштето*<br>**Задачи:**<br>*1.Изготвување остварливи планирања*<br>*2. Конципирање на улогата на родителите*<br>*3.Формирање специјални тимови за следење на проектите во и вон нашата држава*<br>*4. Обучување на наставниците за стекнување компетенции за пишување проекти* |

| Активности | Индикатори | Носители на активноста | Временска рамка | Ресурси | Тим за следење |
|---|---|---|---|---|---|
| 5.1.1.Изготвување планови за соработка со деловната заедница и невладиниот сектор | Годишната програма на училиштето има јасен план за соработка | програма<br>Совет на родители<br>Директор<br>Стручен соработник<br>наставници | На почеток на секоја учебна година | Хартија<br>Компјутер<br>Дидактички материјали | Совет н родители<br>Училишен одбор |
| 5.1.2.Формирање училишен тим за следење проекти на меѓународен план | Формиран тим од наставници, стручни соработници, родители | Тим за следење на проекти | Октомври 2020 | интернет | Директор |
| 5.1.3.Назначување училишен проектен координатор | Училиштето има функционален тим и координатор | Тим за следење на проекти | континуирано | компјутер | Директор |
| 5.1.4.Обука на наставниците за пишување проекти | Број на обучени наставници<br>Број на проекти во училиштето | Тим за следење на проекти | 2020-2024 | Финансиски средства | Директор |
| 5.1.5.Вклучување на родителите во давање дополнителна поддршка во проектните | Број на родители активни учесници во изготвување | родители | 2020-2024 | / | Тим за следење на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| активности | ИОП, програма за талентирани, број на учества во СУА | | | | проекти |
| 5.1.6.Интензивирање средби со владини и невладини организации | Број на средби<br>Број на остварени контакти и ефекти | Тим за следење на проекти,<br>Родители<br>Директор | 2020-2024 | / | Тим за следење на проекти |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Приоритетно подрачје за промена | **Цел:**<br>• П-6 .*Континуирана соработка за меѓуетничка интеграција во образованието, преку проектни активности со организација на заеднички наставни часови;*<br>**Стратешка цел**:<br>*Зајакнување на меѓуетничката интеграција преку наставни содржини*<br>**Задачи:**<br>*1.Зголемено учество за учење за мултикултурна и меѓуетничка интеграција преку настава*<br>*2.Зголемено учество во проектни активности*<br>*3.Вклучување на родителите во меѓуетничка интеграција* | | | | |
| | | | | | |
| Активности | Индикатори | Носители на активноста | Временска рамка | Ресурси | Тим за следење |
| 6.1.1.издвојување на содржини по сите наставни предмети | Издвоени содржини за мултикултурно учење | Наставници | Октомври-ноември 2020 | Хартија компјутер | Тим за Меѓуетничка интеграција (СИТ) |
| 6.1.2.Обезбедување ресурси за реализација на часови со проектни активности | Обезбедени материјали за презентирање и изработка на апликативни содржини | Тим за Меѓуетничка интеграција (СИТ)<br>Наставници | Ноември 2020-2024 | Смарт табла | Директор<br>Тим за Меѓуетничка интеграција (СИТ) |
| 6.1.3.Организирање училишен амбиент | Збогатена иконографија во училишните холови и училници | Наставници ученици | 2020-2024 | Хамери<br>Фотографии<br>Принтер<br>компјутер | Директор<br>Тим за Меѓуетничка интеграција (СИТ) |
| 6.1.5. Прилагодување на училишен простор за учество на децата со пречки | Сите ученици со ПОП се вклучени | Наставници<br>Стручна служба | 2020-2024 | Финансиски средства | Директор<br>Тим за |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| во развојот | | | | | Меѓуетничка интеграција (СИТ) |
| 6.1.4.Органиизрање различни проектни активности за мултикултурно учење и меѓуетничка интегрирана настава | Број на училишни проекти | Наставници (СИТ) | 2020-2024 | Финансиски средства | Директор<br>Тим за Меѓуетничка интеграција (СИТ) |
| 6.1.5, Изработка на систем за евалуација и следење | Јасни критериуми за проценка на квалитет | Тим за Меѓуетничка интеграција (СИТ) | 2020-2024 | Компјутер | Директор<br>Тим за Меѓуетничка интеграција (СИТ) |
| 6.1.6. Вклучување на родителите и нивното учество | Проекти со дефинирани улоги на родителите | (СИТ) | 2020-2024 | Компјутер | Совет на родители<br>Директор |
| 6.1.7. Промоција на проектните активности | Во секоја тековна година училиштето промовира по еден успешен проект во медиуми | Родители<br>(СИТ)<br>Директор | 2020-2024 | Финансиски средства | Совет на родители<br>Директор<br>(СИТ) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Приоритетно подрачје за промена | **Цел:**<br>• П-7 *Поголемо вклучување на родителите во активностите на училиштето.*<br>**Стратешка цел:**<br>*Подобрување на комуникацијата и учеството на родителите*<br>**Задачи:**<br>*1.Планирање активности*<br>*2.Учество во реализација*<br>*3.Посредување и информирање* | | | | |
| | | | | | |
| Активности | Индикатори | Носители на активноста | Временска рамка | Ресурси | Тим за следење |
| 7.1.1.Изработка на Акционнен план за вклученост на родителите и претставниците на родители | Број на вклучени родители,<br>Број на известени родители | Директор<br>Стручна служба | Септември 2020 | компјутер | Совет на родители |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| од паралелките | | | | | |
| 7.1.2.Редово информирање до сите органи и тела во училиштето преку Веб страна и огласна табла | Број и квалитет на извештаи, број на информирани родители | Совет на родители | Тековно во сите години | Интернет<br>Компјутер<br>хартија | Директор<br>Стручна служба<br>Проектен тим |
| 7.1.3. Вклучување на наставниците и учениците во активностите на Локалната самоуправа | Број на акции и учества во манифестации | Родители претставници на паралелките<br>Наставници<br>Стручен соработник | Во текот на сите години | Родители | Директор<br>Стручен соработник |
| 7.1.4.Соработка со други училишта, образовни институции, здруженија | Број на институции со кои училиштето остварило соработка, број на договорени и реализирани програми | Родители претставници на паралелките<br>Наставници | Во текот на сите години | Родители | Директор<br>Стручен соработник Совет на родители |
| 7.1.5.Вклучување на родителите во училишни манифестации | Број на вклучени родители | Родители претставници на паралелките<br>Наставници | Во текот на сите години | Родители | Директор<br>Стручен соработник<br>Совет на родители |
| 7.1.6.Вклучување на родителите во хуманитарни акции | Број на хуманитарни акции | Родители претставници на паралелките<br>Наставници | Во текот на сите години | Родители | Директор<br>Стручен соработник<br>Совет на родители |
| 7.1.8. Континуирана работа | Број на промоции | Родители | Во текот на сите | интернет | Директор |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| на брендирање на училиштето. | Создадена позитивна слика за училиштето | претставници на паралелките | години | | Стручен соработник<br>Совет на родители |

**8. СОРАБОТКА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ**

За подобрување на односите меѓу сите структури во училиштето со цел остварување пријатна климата за работа, во учебната 2020/21 година ќе се спроведуваат различни облици на комуникациски вештини со наставниците, учениците и родителите.

1. Соработка со наставници од други етнички заедници во запознавање на различните култури (МИМО) – работилници кои ќе се оддржат со физичко присуство или онлајн ( темата ќе биде по избор на учениците од спроведената ХБСЦМ студија )
2. Аспекти на најчести конфликти помеѓу различни структури во училиштето - дебата
3. Репаративни пристапи во разрешување на конфликти – начини на организирање состаноци помеѓу страните во конфликтот – дебата
4. Негување на тимска работа во колективот – начин на добра соработка – дебата

**Активности со родители**

Во училиштето родителите редовно ќе бидат информирани, преку следните форми на соработка:

1. **Родителски средби на ниво на паралелка**. Овие средби се планираат од страна на одделенскиот раководител. Истите се реализираат пет пати во текот на една учебна година и тоа по следниот редослед: септември, ноември, јануари, март и јуни. По потреба одделенскиот раководител може да закаже и вонредни средби со цел решавање на некои заеднички проблеми.

2. **Индивидуални средби со одделенскиот раководител**. Овие средби се остваруваат на приемни денови определени од одделенскиот раководител.

3. **Индивидуални средби со предметни наставници**. Овие средби се остваруваат на приемните денови определени од активот на соодветната генерација.

4. **Општи родителски средби**. Овие средби се организираат на ниво на училиште од страна на Директорот и стручните соработници во текот на годината и тоа во месеците: септември и март, а по потреба за решавање на одредени проблеми, почесто.

5. **Средби со директорот.** Родителите кои имаат потреба од средба со Директорот на училиштето можат да ги остварат по претходно најавување.

6. **Соработката со психологот на училиштето**. Оваа соработка се остварува со родителите на учениците во текот на сите работни

денови на училиштето. Психологот во конкретни случаи секогаш дава приоритет на можноста на родителите за термин на соработка. Советувањето со родители е утврдено со програмата за работа на психологот. Овие средби со родители се задолжителни.

### ВКЛУЧЕНОСТ НА СЕМЕЈСТВАТА ВО УЧИЛИШТЕТО ВО ЖИВОТОТ И РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО

Советот на родители во учебната 2020/21 година ќе работи по однапред изготвена програма. Улогата на Советот на родители во оваа учебна година ќе се базира на детектирање на состојбите во училиштето од аспект на потребни поправки на инвентарот и подобрување на условите за работа, идејни планови за организација на активности во училиштето, учество во донесување решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето и реализација на истите, организирање на распоред за средби со родители и отворен ден за прием. Од особена важност во оваа учебна година ќе биде спроведувањето на онлајн наставата за која Советот на родители ќе се вклучи во давање поддршка за користење алатки и образовни платформи за учење на далечина, можности за обезбедување таблети, компјутери или лаптопи за социјално ранливите категории ученици.

### ВО ПРОЦЕСОТ НА УЧЕЊЕ

Се планира вклученост на родители, нивен придонес со мислења и сугестии за дополнување и измени на планираните програми за намалување на насилство и изготвување веб - страница, со што ќе се подобри информираноста за наставниот процес преку континуирана соработка. Советот на родителите ќе има значајна улога во олеснување на работата со ученици со потешкотии во развој и унапредување на учениците–таленти. Од родителските одбори и Советот на родители се очекува прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства и материјали, поддршка за иновирање во наставата, помош при професионалната ориентација на учениците и особено демократско учество на учениците во училишниот живот.

### ВО АКТИВНОСТИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО

Особена иницијатива во оваа учебна година ќе бидат заложбите за поуспешна реализација на слободните ученички активности и другите воннаставни активности, натпревари, екскурзии, приредби, манифестации, промоции, како и поддршка за учество во меѓуетничка интеграција во образованието.

### ВО ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ

Советот на родители ќе партиципира во давање идеи, предлози и донесување одлуки во училишна заедница и училишен одбор.

**ЕДУКАЦИЈА НА СЕМЕЈСТВОТО**

Во учебната 2020/21 година се планира да се организираат едукативни работилници за родители за Меѓуетничка интеграција во образованието, како и за учество во активности на ученичкиот парламент.

**ИЗРАБОТКА НА БРОШУРА ЗА РОДИТЕЛИ**

Училиштето изготви информатор за родителите за промените и активностите во учебната 2020/21 година.

## 9. СОРАБОТКА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО ОПШТИНАТА, ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО, НВО И СЛ.

Училиштето редовно организира манифестации, хепенинзи, забави со цел да се интензивира соработката меѓу установте и училиштето на локално ниво и да се поттикне и развие меѓусебната соработка.

| | Вид на активност | Време на реализација | Одговорни | Вид активност |
|---|---|---|---|---|
| **Локална заедница** | Општина Кисела Вода – сектор за образование | Септември, јуни | Зорица Станоевска Дијана Ѓорѓиеска | Спортски манифестации |
| | Општина Кисела Вода – сектор за образование | Февруари | Т. Нанкова, Е. Камческа, К. Стојанова | Светски ден на мајчиниот јазик |
| | Општина Кисела Вода – сектор за образование | Февруари | | Одбележување на патронат на општината |
| | Општина Кисела Вода – сектор за образование | Септември јуни | Вера Ангеловска | По потребите на општината |
| **Институции од областа на културата и здруженија** | Природно-научни музеи | Септември | Татјна Нанкова | Посета на музеј |
| | Археолошко-етнолошки музеј | Септември – јуни | Татјана Нанкова | Посета на музеј |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Театар | декември | Татјана Нанкова и Елизабета Камческа | Посета на театарска претстава |
| | Кино | февруари | Група наставници | Посета на кино |
| | Планетариум | април | Јулија Митреска | Посета на планетариум Предавање од Астрономија |
| | Институт за македонски јазик | ноември | Т. Нанкова | Спомен соба К.П.Мисирков |
| | ЈУ Детски културен центар Карпош | Септемри – мај | Марина Дуева | Воннаставни активности |
| | Меморијален центар на Холокаустот на Евреите од Македонија | март | Гордана Плетварска-Трајчевска | Посета на музеј |
| | Посета на Хидроцентралата Матка | октомври | Активот на 4 одд. | Воннаставна активност |
| | Македонска опера и балет | септември – јуни | Вера Ангеловска | Посета на балетска претстава |
| **Детски фестивал** | Ракатки | октмври,април | -Татјана Нанкова, Елизабета Камческа,Ајановска | Учество на конкурс |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Институции од областа на образова-ние** | Основни училишта | септември - јуни | | Соработка со училишта на ниво на општина |
| | ДПИ | Според агендата на ФПИ | директор | Увиди во работата на училиштето |
| | БРО | континуирано | Директор,СС | Соработка на воспитно об. план |
| | МБУЦ ,,Илија Николковски Луј” | септември - јуни | Вера Ангеловска | Соработка со МБУЦ |
| | Центар за странски јазици | септември - јуни | Актив англиски јазик | Изучување на странски јазици |
| **Невладини организации** | Пакомак | септември/ декември/ април | В. Србиновска, | Проект - Рециклирање на пластика |
| | АД Стопанска банка-Скопје | Септември - јуни | Вера Ангеловска Викторија Смилевска | Учество во инклузивен настан |
| | Го Грин | септември/ декември/ апри | Валентина Србиновка Т. Чабулева | Проект - Рециклирање на батерии |
| | МЦГО | Во текот на годината | Група наставници | Учесто во проект „Започни промена“ |
| | Граѓанската организација Македонски Зелен Центар | Септември, октомври | Група наставници | ЕВРОПСКАТА НЕДЕЛА НА МОБИЛНОСТ |
| | УСАИД | март | Вера Ангеловска | Соработка со Холандска амбасада Одбележување на роденденот на Кралот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Спорт-ски друштва** | Пливачки клубови | септември - јуни | Зорица Станоевска | Развивање на пливачки способности |
| | Културни уметнички друштва | септември - јуни | Вера Ангеловска | Ритмички движења |
| | Кошаркарски клубови | септември - јуни | Дијана Ѓорѓевиќ | Тренинзи |
| **Здравствени организации** | Поликлиника ,,Јане Сандански” | октомври | Ученици и наставници | Систематски прегледи и имунизација |
| | Центар за слух и говор | октомври | | Детекција и проверка на слух и говор |
| | Стоматолошка ординација ,,11 Октомври” | март | | Стоматолошки преглед |
| **Медиуми** | Едукативна емисија за деца ,,Ајде на одмор” | октомври/ април | | Учество во едукативна емисија за деца ,,Ајде на одмор” |
| | Локална телевизија | октомври/ февруари/април | | Соработка со локална телевизија |

## 10. СЛЕДЕЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Поголема вклученост на учениците при изработката на програмите за работа за воннаставни активности; | Изготвени инструменти<br><br>Септември во сите тековни години | Стручна служба, Одделенски и предметни наставници, Тим за ИОП | УО И Директор |
| Усовршување на наставниот кадар за работа со деца со посебни образовни потреби; | увид во наставничкото портфолио<br><br>период 2020-2024 | Директор, стручен соработник Тим за професионален развој | УО И Директор |
| Поголемо учество на учениците во носење одлуки важни за животот во училиштето; | тековно<br>средби, работилници | Тим за ученичко учество<br>Ученичка ЕКО патрола | Директор |
| Зајакнување на тимската работа, взаемно помагање и почитување помеѓу наставниците и персоналот; | тековно<br><br>состаноци, отворени часови | Претседатели на Активи - одделенска и предметна настава<br>наставници | Тим за професионален развој<br>Директор<br>Стручна служба |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Соработка со деловната заедница, невладин сектор, вклучување на училиштето во програми поддржани од ЕУ (ERAZMUS, проекти кои МОН ги реализира во соработка со други европски земји).. | 2020-2024<br><br>планови за соработки | Совет на родители<br>Директор<br>Стручен соработник<br>наставници | УО<br><br>Директор |
| Континуирана соработка за меѓуетничка интеграција во образованието, преку проектни активности со организација на заеднички наставни часови; | 2020-2024<br>проекти | Тим за следење на проекти | Директор<br>Тим за Меѓуетничка интеграција (СИТ) |
| Поголемо вклучување на родителите во активностите на училиштето. | Во текот на сите години<br>манифестации и акции | Совет на родители<br>стручна служба | Директор |

## 11. ЕВАЛУАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Евалуацијата ќе се реализира преку низа активности предвидени со Развојната програма за работа на основното училиште. Ќе се собираат докази, односно податоци поврзани со индикаторите односно критериумите за успех, со формирање заклучоци, препораки. Доказите ќе се соберат преку прашалници, документи, записници и протоколи, дискусии, интервјуа, увид во работата на учениците, процесот на набљудување, независни евалуациони извештаи и други инструменти.

**ПЛАН ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА АКЦИСКИТЕ ПЛАНОВИ**

| | Активност | Критериум за успех | Инструменти | Индикатор за успешност | Одговорен за следење | Повратна информација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Вклучување на ученици во вон наставните активности, ориентирани и усогласени со индивидуалните потреби** | Учество на сите ученици од планирање до реализација | Прашалник за ученици и наставници Дневник за евиденција | 90% од учениците се вклучени во СУА 100%од учениците со ПОП вклучени во воннаставни активности | Училишен парламент | подобрени знаењата и вештините кај учениците |
| 2 | **Усовршување на наставниот кадар за работа со деца со посебни образовни потреби со нови методи и постапки** | Зголемен број на различни видови методи и постапки во поучување | Анкета за наставници и родители | Зголемен број на методи за 50% | Училишен инклузивен тим и Тим за професионален развој | Подобрен успех кај учениците со ПОП |
| 3 | **Усовршување на наставниците за нови постапки за онлајн настава и подобрена тимската работа во колективот** | Квалитетни видеа со интересни активности | Листа за интерен мониторинг | 70% од родителите имаат позитивна повратна информација | Активи и стручна служба директор | Истакнување и признанија за работата на наставниците |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | **Континуирано учество на учениците во органи и тела на училиштето** | Зголемено учество на ученици | Анкети на наставниците | 70% задоволени критериуми за учество во носење одлуки | Училишен парламент | Подобрена училишна клима |
| 5 | **Вклучување на родителите во планирање и организација во проекти организирани од Владини и Невладини организации** | Зајакната соработка со родиетлите | Записници од Совет на родители | Зголемен број проекти во училиштето | директор | Подобрени знаења и вештино кај учениците |

## 12. ЗАКЛУЧОК

Развојната програма за работа на училиштето се базира на Законот за основно образование, што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 30 јули 2019 година. Бр. 08-4389/1 од 30 јули 2019 година, (Службен весник на РСМ, бр.161 од 5.8.2019 година).

Врз основа на член 46 став (6) од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 Министерот за образование и наука донесе Правилник за формата и содржината на Развојната и Годишната програма за работа на основните училишта.

## 13. КОМИСИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Во изготвување на Развојната програма за работа на ООУ „Кузман Јосифовски-Питу“ - учествуваа:

1. Мишела Милеска - директор
2. Злата Анчевска- психолог
3. Татјана Нанкова - наставник
4. Зорица Станоевска - наставник
5. Билјана Балева - наставник
6. Вања Тулески - родител
7. Тања Данева - родител

## 14. Користена литература


1. Законот за основно образование,
2. Правилник за формата и содржината на Развојната и Годишната програма за работа на Основните училишта. (http://mon.gov.mk/content/?id=3177)


**РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА Е УСВОЕНА ОД НАСТАВНИЧКИОТ СОВЕТ НА 10.08.2020 ГОДИНА. УЧИЛИШНИОТ ОДБОР ЈА ПРЕДЛОЖИ ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА ДО СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА НА УСВОЈУВАЊЕ.**

**ДИРЕКТОР**
**Мишела Николовска Милеска**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УЧИЛИШЕН ОДБОР**
**Татјана Нанкова**

**Август 2020 година**